Скопје, 31 мај 2017

**ЗАПИСНИК ОД ОСНОВАЧКАТА СЕДНИЦА**
**НА**
**МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје**

На 31 мај 2017 година во малите работни сали на Македонската академија на науките и уметностите, беше одржано Основачко собрание на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје.

Присутни: Акад. Владо Камбовски, Љупчо Арнаудовски, Гордана Лажетиќ Бужаровска, Николче Петкоски, Елена Мујоска Трпевска, Александра Груевска Дракулевски, Никола Тупанчески, Фросина Тасевска, Крсте Маљановски, Олга Ѓуркова и Ана Павловска Данева.

Оправдано отсутни: Лазар Нанев, Беса Арифи, Драги Целевски.

За Основачкото собрание беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Обраќање на акад. Владо Камбовски, раководител на Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ, претседавач на Основачкото собрание.
2. Донесување Акт за основање на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје (во натамошниот текст Друштвото)
3. Донесување на Статутот на Друштвото.
4. Избор на:
   - Почесен претседател на Друштвото.
   - Претседател на Друштвото.
   - Членови на Извршниот одбор на Друштвото.
   - Членови и Претседател на Надзорен одбор на Друштвото.
   - Утврдување на Програмата за работа на Друштвото за 2017 година.
5. Разно.

***

1. Седницата започна со поздравен говор на проф. д-р Љупчо Арнаудовски, еден од основачите на пенолошкото здружение во седумдесеттите години на XX век, во кој тој се осврна на некогашната работа на поранешното Здружение со цел да се долови значењето и неопходноста од неговата обнова во актуелниот период во услови на недоволна организираност на казнениот систем и извршувањето и примената на сакнциите во Република Македонија.

По него, во однос на значајноста на работата на Македонското пенолошко друштво се осврна акад. Владо Камбовски, истакнувајќи ја тековната состојба во однос на донесените законски и правни решенија во доменот на казненото право и санкциите, како и на актуелните состојби во затворите и казнено-поправните институции во Република Македонија кои оставаат широк простор за дејствување како движечка сила и иницијатива за истражувања и активности. Исто така, акад. Камбовски ги изнесе предлозите за простории за работа и активности на друштвото.

Фросина Тасевска од Министерството за правда изнесе свое мислење по повеќе точки во однос на кривичната правда и казнениот систем во периодот во кој не дејствувало пенолошко здружение при што потенцираше дека основањето на вакво Друштво е извонредно значајно заради потребата од координација помеѓу државните установи и академската заедница во овој домен, посебно во поглед на процесот и преговорите на пристапување кон Европската Унија и спроведувањето на проектите од ИПА фондовите, а особено ја потенцира и итната потреба од функционирање на пробацијата.

Потоа се разви дискусија, во која се вклучија акад. Камбовски, проф. д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска и проф. д-р Ана Павловска – Данева и повеќе присутни, за досегашната и актуелна пракса за носењето на законските решенија и политичките одлуки за нивното усвојување при што се потенцира дека мора да се настојува да се остави повеќе простор и слух за предлозите и искуствата на практичарите, при што веднаш се донесе предлог за конкретни чекори во однос на преземање и работа на Стратегијата и воспоставување на контакт со новоизбраните владини функционери од ресорите за правда, евроинтеграции и јавен правобранител кои ќе бидат присутни на научната расправа организирана од Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ на 9 јуни 2017 година.

Д-р Елена Мујоска Трпевска го изрази задоволството за формирањето на новото Македонско пенолошко друштво, кое во соработка со останатите Здруженија, пред сѐ Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на млади кривичари и останатите невладини организации, ќе придонесат кон унапредување и сеопфатност за унапредување на казненоправната и пенолошка мисла.

2. Претседавачот со седницата акад. Камбовски пристапи кон претставување на Актот за основање со целите и програмата како и Статутот на Македонското Пенолошко Друштво, кои по нивното разгледување се пристапи кон нивно усвојување. Најпрво беше потпишан Актот за основање, во согласност со чл. Согласно член 3 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 и 135/2011).

3. Претседавачот со седницата акад. Камбовски пристапи кон претставување на Статутот на Македонското Пенолошко Друштво, во согласност со член 20 од Уставот на Република Македонија, член 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија, бр. 52/2010, 135/11 и 55/2016).

4. Претседавачот ги предложи органите и членовите на Органите на Друштвото, што беа едногласно прифатени од присутните членови.

При тоа едногласно беа изгласани:

- ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО СЕ:
  1. Почесен претседател
  2. Претседател
  3. Извршен одбор
  4. Надзорен одбор
  5. Собрание

- ПОЧЕСЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ:
  **Проф. д-р Љупчо Арнаудовски**

- ПРЕТСЕДАТЕЛ:
  **Д-р Елена Мујоска Трпевска**

Присутните доставија повеќе предлози за членови на Извршен и Надзорен Одбор, чие што членство дополнително ќе се утврди и усвои во наредниот период, по координација со самите личности:

- ПОТВРДЕНИ ЧЛЕНОВИ ЗА ИЗВРШЕН ОДБОР:

1. **Акад. Владо Камбовски**
2. **Гордана Лажетиќ Бужаровска**
3. **Елена Мујоска Трпевска**
4. **Александра Груевска Дракулевски**
5. **Лазар Нанев**
6. **Николче Петкоски**
7. **Фросина Тасевска**

- Предложени членови што треба бидат потврдени на првата седница на извршен одбор:
  Г-дин Сафет Алиу (од Апелација на предлог на акад. Камбовски)
  Член од Управа за извршување на санкции
  Судија за извршување на санкции: Г-ѓа Габриела Гајдова од ОС Велес (на предлог на проф. д-р Лажетиќ Бужаровска)

- ЧЛЕНОВИ ЗА НАДЗОРЕН ОДБОР

1. **Никола Тупанчески** (КМП) – **Претседател на Надзорниот одбор**
   (на предлог на Д-р Елена Мујоска – Трпевска)
2. **Драги Целевски** (Од канцеларија на Народен правобранител на РМ)
3. **Беса Арифи** (ЗКП)
4. **Ана Павловска Данева** (Прекршоци)
5. **Јован Ананиев** (Социолог)
6. **Крсте Малјановски** (Психолог)
7. **Олга Ѓуркова** (Малолетничка правда)

- ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕ СЕ СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

6. На крајот од Основачкото собрание, акад. Камбовски ја затвори седницата со Програмата за работа на Македонското пенолошко друштво за 2017 година, со предлог до членовите на Извршниот Одбор до 6 јуни да достави подетална програма и рокови за исполнување на зацртаните активности, истакнувајќи го своето уверување дека претстои исклучително плодна работа на друштвото во претстојниот период.

7. Членовите на Собранието се договорија да ја остварат првата работна средба на Друштвото во првата половина од месец јуни 2017 година.

Записникот го водеше
М-р Марио Шаревски

Претседавач на Основачкото собрание
Акад. Владо Камбовски